Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 0 3 JUN 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 697/1 | | |

До

Националната комисија за учебници

Во согласност на одлуката на НКУ донесена на седница 15.05.2026 г. **проф. д-р Тони Филипоски е избран за член-известител** за наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ за основно деветгпдишно образование. По доставување на сета потребна документација по електронски пат на 18.05.2026, од страна на Педагошката служба на МОН на РС Македонија, а согласно членовите 9 и 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ бр. 3 од 3.01.2025 го поднесуваме следново:

# **И З В Е С Т И Е**

за ракопис (под шифра А) за учебникот по наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование

На Конкурсот за учебници во основно образование, за наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование, според БРО, се пријавил еден ракопис (**под шифра А**). Бирото за развој на образование доставило мислење и забелешки за единствениот ракопис (**под шифра А**), бр. 09-737/3 од 25.03.2026, изготвено од стручна комисија во состав: Ирена Борисовска, советник, м-р Илир Мемеди, советник и м-р Оливер Стојановски, пом. Раководител на Сектор, потврдно потпишано м-р Милка Тримчевска, директор на БРО, м-р Афродита Давко, раководител на Одделение и Ајше Ајрулаи, раководител на Сектор. Во образложеното стручно мислење за ракописот по предметот ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование, изнесените наводи првенствено се темелат на нивната усогласеност со Наставната програма по предметот, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебници.

- Ракописот на учебник: ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование Содржините на ракописот за учебник под **шифра А** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењет и стандардите за оценување предвидени со наставната програма;
- Содржините се развиени во согласност на стандардите за оценување од соодветните теми на наставната програма и се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците;
- Во ракописот опфатени се поими кои се утврдени со наставната програма. Сепак постојат одредени поими кои отсуствуваат во наставната програма. Наведените забелешки, иако се паушални сепак се земени во предвид.

*учењето и поучувањето; Јазик и стил и Дизајн*) и подподрачјата што произлегуваат од нив. На крај тројцата рецензенти заедно пополниле: *Образец за финално вреднување на учебникот* на четири (4) страни во кој се содржани безмалку истите подрачја и подподрачја и повторно тие се бодувани со **највисок број поени 4**.

Имајќи ги во предвид документите од БРО и Рецензентската комисија, предлагам НКУ ДА ГО **ОДОБРИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ РАКОПИСОТ** за учебник: ИСТОРИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование (**ПОД ШИФРА А**).

Скопје, 01.06.2026

проф. д-р Тони Филипоски,

член –известител на НКУ

------------------------------------